ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-8875/1
Дата, Data 05-11-2026
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 31 став 1 точка 21 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, член 8 став 2 и член 58 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 39 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19, 14/20 и 208/24), како и Уредбата за начинот на располагање со примените подароци, начинот на управување со евиденцијата за примените подароци и други прашања во врска со примањето на подароци („Службен весник на Република Македонија" бр. 153/14), директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје донесе:

ПРАВИЛНИК

за постапување со подароци, погодности и гостопримства во ЈП Водовод и канализација - Скопје

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат: поимот, видовите и начинот на постапување со подароци, погодности и гостопримства, постапката за пријавување, евидентирање, чување, враќање и располагање со подароци, постапувањето кога подарокот не може да се одбие, правилата за гостопримство и патувања на трошок на трети лица, евиденција и јавна објава, како и надзорот и мониторингот за примена на овој Правилник.

Член 2

Одредбите на овој Правилник се однесуваат на директорот и вработените во ЈП Водовод и канализација - Скопје, лица ангажирани со договор за дело, договор за вработување на определено време, волонтери и практиканти во ЈП Водовод и канализација – Скопје, лица со авторски договор или друг договорен основ, други форми на ангажирање (надворешни експерти, советници и слично) на лица кои постапуваат во име или за потребите на ЈП Водовод и канализација - Скопје, како и членови на комисии, работни групи и други тела формирани од ЈП Водовод и канализација – Скопје (во натамошниот текст: службени лица).
Одредбите од овој Правилник важат соодветно и за брачниот другар, вонбрачниот другар, нивните деца и родители, како и лицата кои живеат во заедничко домаќинство со лицата од став 1 од овој член (во

Член 3

Во ЈП Водовод и канализација - Скопје може да се примаат подароци, погодности и гостопримства само под услови и на начин утврдени со закон, со подзаконски акти и со овој Правилник.

При давање и примање на подароци, погодности и гостопримства во рамките на службата, лицата од членот 2 на овој Правилник се должни да ги избегнуваат сите ситуации кои би значеле нарушување на објективноста која произлегува од постоење на судир меѓу личните интереси и интересите на јавноста, без разлика дали станува збор за реален, потенцијален или привиден судир на интереси и нарушен личен и институционален углед.
Несоодветното постапување, односно постапување со подароците, погодностите и гостопримствата спротивно на закон, е квалификација на повеќе кривични дела утврдени со Кривичниот законик, како и основ за дисциплинска одговорност.

II. ОСНОВНИ НАЧЕЛА И ПОИМИ

Член 4

Постапувањето со подароци, погодности и гостопримства во ЈП Водовод и канализација - Скопје се заснова на следните начела:

- Начело на законитост – постапување во согласност со законите, подзаконските акти и другите прописи;
- Начело на интегритет – постапување чесно, одговорно и професионално, со заштита на личниот и институционалниот интегритет;
- Начело на непристрасност – донесување одлуки и извршување на службените задачи без влијание од лични, приватни или други интереси;
- Начело на транспарентност – јасно, отворено и проверливо постапување и соодветно евидентирање на подароците, погодностите и гостопримствата;
- Начело на отчетност – преземање одговорност за постапувањето и обезбедување соодветно образложение и документација;
- Начело на јавен интерес – давање предност на јавниот интерес пред личниот, приватниот или интересот на трети лица;
- Начело на заштита на угледот на ЈП Водовод и канализација - Скопје – постапување на начин со кој се зачувуваат довербата на јавноста, угледот и интегритетот на ЈП Водовод и канализација – Скопје.

Член 5

Одделни поими и изрази употребени во овој Правилник го имаат следново значење:

1. „Подарок“ е секоја материјална или нематеријална корист (пари, предмет, ваучер, попуст, услуга без надомест или под поволни услови и сл.) што му се дава или нуди на службено лице, поврзано со неговата функција, звање или работно место.

2. „Протоколарен подарок“ е подарок што се прима или дава за време на официјални посети, гостувања, приеми или меѓународни, државни, институционални средби и служи како знак на почит, пријателство и добра волја меѓу држави, организации или претставници.

3. „Подарок од помала вредност“ е:

- Подарок чија поединечна вредност не надминува 1.000 денари, или
- Подарок примен од исто лице чија вкупна вредност во текот на една календарска година не надминува 3.000 денари.

4. „Погодност“ е секоја форма на олеснување, привилегија, повластен третман, попуст, услуга, овозможен пристап или други предности, како и понуди за работа, покани

за спортски и други настани од забавен карактер кои носат лична придобивка на службеното лице или со него поврзаните лица, поради неговата функција или работно место.

5. „Гостопримство“ е угостување (храна, пијалак, сместување, забава) обезбедено од трето лице во контекст на службена активност, учество на конференција, средба, официјален настан или посета.

6. „Дарител“ е физичко или правно, домашно или странско лице, кое дава подарок, погодност или гостопримство.

7. „Овластено лице за прием и евиденција на подароци, погодности и гостопримства“ е лице определено со посебно решение од директорот, задолжено за прием на пријави, водење на евиденцијата и чување на подароците (во натамошниот текст: овластено лице).

8. „Лице за интегритет“ е службено лице во рамките на ЈП Водовод и канализација - Скопје назначено да дава доверливи совети, насоки и поддршка за прашања поврзани со етиката, спречување на корупција, судирот на интереси и примањето подароци, независно од овластеното лице за прием, евиденција и чување на подароци.

Член 6

Подарок примен од лицата определени во член 2 на овој Правилник од роднина, пријател или член на семејството, во приватно својство, односно надвор од службата која ја врши, во согласност со вообичаените општествени обичаи (подарок за роденден, склучен брак, верски празник и слично) или симболичен подарок како благодарница, плакета, цвеќе, книга или слично, признание без пазарна вредност или со занемарлива вредност, врачен по повод стручно завршена работа, постигнат професионален успех или пензионирање, под услов да не потекнува од лице кое има или можело да има интерес поврзан со службеното дејствување на примачот, не се дефинира како подарок во смисла на овој Правилник.

III. НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ СО ПОДАРОЦИ, ПОГОДНОСТИ И ГОСТОПРИМСТВА

а) Општи правила за давање и примање на подароци, погодности и гостопримства

Член 7

Се забранува директно или индиректно нудење, ветување, давање или посредување во давање подароци, погодности и гостопримства на лицата од член 2 на овој Правилник, кога со нивната природа, вредност, околности или намена може да се влијае врз нивното службено постапување, да се создаде обврска за противуслуга или да се доведе во прашање неговата непристрасност и интегритет.
Забраната од став 1 на овој член се однесува и на давање преку посредник или на лице поврзано со примателот, кога целта е да се заобиколи забраната.
Како подароци не можат да се даваат предмети што имаат културно, историско и археолошко значење и вредност за Република Северна Македонија и кои се заштитени со закон.
Не се сметаат за забранети подароци и гостопримства што се дозволени согласно со закон и со овој Правилник, под услов да не постои коруптивен ризик, судир на интереси или друга околност што може да влијае врз службеното постапување.

Член 8

Лицата од член 2 на овој Правилник не смеат да бараат, ниту да примаат подароци поврзани со нивната функција, звање или работно место, директно, преку посредник или поврзано лице, за себе или за друг.
Подарок, погодност и гостопримство понудено во околности во кои неговото прифаќање може да создаде сомневање во непристрасноста на вработените се одбива, без оглед на неговата материјална вредност.
Вработените и поврзаните лица се должни да го пријават секој подарок, погодност и гостопримство, доколку дарителот инсистира на давање.

Член 9

Без исклучок, забрането е:

1. Барање подарок, погодност и гостопримство, директно или преку посредник;
2. Примање подарок во пари или паричен еквивалент (ваучери со паричен карактер, гифт-картички и слично), независно од износот;
3. Примање подарок, погодност или гостопримство од лице/субјект кој:
    - учествува во постапка за јавна набавка, концесија, отуѓување или давање под закуп на имот или друг вид доделување право во ЈП Водовод и канализација - Скопје;
    - има непосреден интерес од одлука што претстои да се донесе или се наоѓа во постапка на одлучување;
4. Примање подарок, погодност или гостопримство под услови кои создаваат или можат да создадат чувство на обврска, реципроцитет или зависност (услуга за услуга);
5. Примање подарок, погодност и гостопримство во време на постапка за вработување, унапредување, дисциплинска постапка, инспекциски надзор или контрола во која учествува службеното лице кое прима.

Член 10

Дозволено е, согласно закон и под условите и по постапката од овој Правилник:

1. Примање протоколарен подарок при службени посети, средби и настани;
2. Примање подарок од помала вредност даден по повод државни, верски или лични празници, јубилеи или слични прилики, доколку не е поврзан со конкретна службена одлука;
3. Учество на службени ручеци/вечери во рамки на вообичаено службено гостопримство, согласно член 28 од овој Правилник;
4. Прифаќање покриени патни/сместувачки трошоци за учество на настан од јавен интерес, согласно законските ограничувања и условите утврдени со подзаконските акти и овој Правилник.

Подароците дадени во рамките на официјални посети, меѓународни средби, протоколарни настани или други официјални активности се евидентираат согласно овој Правилник и важечките прописи.

Член 11

Директорот на ЈП Водовод и канализација - Скопје, примен подарок од претставници на странска држава, орган, институција или меѓународна организација во знак на соработка, благодарност или почит може да го задржи во сопственост, како личен подарок доколку вредноста на примениот пригоден подарок не ја надминува вредноста од 50 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на примањето на подарокот.

Применият пригоден подарок од домашни физички и правни лица кој директорот на ЈП Водовод и канализација - Скопје го прима во знак на соработка, благодарност или почит може да го задржи во сопственост, како личен подарок, доколку вредноста на истиот не ја надминува вредноста од 20 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на примањето на подарокот.

Член 12

При определувањето дали одреден подарок спаѓа во дозволена категорија, се зема предвид и вкупната вредност на подароците добиени од ист дарител во периодот определен со закон.
Не смее да се врши поделба на еден подарок на повеќе помали подароци со цел да се избегнат законските ограничувања.
Подароци, погодности и гостопримства што не ја надминуваат вредноста од 1.000 денари или се добиени од иста личност чијашто вкупна вредност не надминува 3.000 денари во дадена година, а кои се сметаат за подароци од пониска вредност, може да бидат сопственост на лицата од член 2 на овој Правилник, на начин и под услови утврдени со закон, со подзаконски акти и со овој Правилник.
Подароци, погодности и гостопримства што ја надминуваат вредноста од 1.000 денари или се добиени од иста личност чијашто вкупна вредност надминува 3.000 денари во дадена година, се сопственост на ЈП Водовод и канализација - Скопје на начин и под услови утврдени со закон, со подзаконски акти и со овој Правилник.

б) Постапување кога подарокот не може веднаш да се одбие

Член 13

Кога дарителот инсистира на давање подарок, погодност и гостопримство во ситуација во која негово непосредно одбивање би било невозможно, неучтиво или би можело да предизвика штета на угледот на ЈП Водовод и канализација - Скопје (на пр. за време на протоколарна средба, во присуство на трети лица, при службена посета), службеното лице:

1. го прима подарокот привремено, без притоа да покажува посебен интерес или да дава ветувања поврзани со идно постапување;
2. го известува дарителот дека подарокот, доколку ја надминува вредноста утврдена во член 5 точка 3, станува сопственост на ЈП Водовод и канализација - Скопје;
3. постапува согласно постапката за пријавување утврдена во член 14.

Доколку применият предмет е брзо расиплив (храна, пијалоци, цвеќиња и сл.) и не може практично да се чува и евидентира на вообичаен начин, истиот, со согласност на овластеното лице, може да се подели меѓу вработените, да се изложи во заедничките простории или да се донира, за што се составува службена белешка која се приложува кон пријавата.

в) Пријавување на подарок, погодност или гостопримство

Член 14

Лицето кое примило подарок, погодност или гостопримство кое подлежи на пријавување согласно овој Правилник е должно да го пријави кај овластеното лице најдоцна во рок од два (2) работни дена од денот на приемот.
Пријавата се поднесува во писмена или електронска форма, на образец пропишан со овој Правилник, и содржи:

1. име и презиме на примателот, функцијата/работно место и организациска единица;
2. име и презиме на дарителот, односно институцијата/субјектот што го дал подарокот, погодноста или гостопримството (назив и седиште);
3. датум и место на прием на подарокот, погодноста или гостопримството;
4. повод односно причина за давањето на подарокот, погодноста или гостопримството;
5. вид и опис на подарокот, погодноста или гостопримството;
6. во чија сопственост е подарокот (приватна – личен подарок или сопственост на ЈП Водовод и канализација - Скопје);
7. датум на предавање на подарокот во сопственост на ЈП Водовод и канализација - Скопје;
8. проценета вредност на подарокот, погодноста и гостопримството;
9. податок дали дарителот е странка или заинтересирано лице во постапка пред ЈП Водовод и канализација - Скопје;
10. изјава дека податоците се точни и целосни;
11. потпис на примателот на подарокот, погодноста или гостопримството;
12. датум и место на поднесување на Пријавата;
13. печат и потпис на одговорното лице.

Обврската за пријавување од став (1) на овој член важи и кога подарокот е примен наместо примателот кај поврзано лице.
Обврската за пријавување не се однесува на подароците опфатени со член 6.
Формата и содржината на Образецот за Пријава од ставот 2 на овој член е дадена во Прилог 1 кој е составен дел од овој Правилник.

г) Утврдување на вредноста

Член 15

Вредноста на подарокот, погодноста и гостопримството се утврдува според неговата пазарна цена во моментот на приемот.
Кога вредноста на подарокот не може лесно да се утврди (уметнички дела, антиквитети, накит, уникатни предмети и сл.), овластеното лице бара проценка од овластен проценител или друга стручна служба, на товар на ЈП Водовод и канализација - Скопје.
Кога од исто лице, во текот на една календарска година, се примени повеќе подароци, нивните вредности се собираат заради утврдување дали е надминат прагот утврден во член 5 точка 3.

Член 16

На процена подлежи секој подарок, погодност и гостопримство за кој постои обврска за пријавување и евидентирање, а особено подарок:
1. за кој не може непосредно да се утврди вредноста;
2. за кој нема фактура или друг доказ за вредност;
3. кој е составен од повеќе предмети;
4. кој е уметнички, колекционерски или рачно изработен предмет;
5. кој содржи услуга или друга нематеријална корист;
6. за кој постои сомневање дека неговата вредност е поголема од пријавената.

Член 17

Вредноста на подарокот се утврдува врз основа на:
1. фактура или фискална сметка;
2. документ од дарителот;

3. официјална ценовна листа;
4. јавно достапна пазарна цена;
5. споредливи цени на ист или сличен производ или услуга;
6. процена од овластен проценител, кога вредноста не може да се утврди на друг начин.

Член 18

Кога станува збор за подарок со повисока вредност или подарок чија вредност не може веродостојно да се утврди со документацијата од член 17, ЈП Водовод и канализација - Скопје обезбедува процена од овластен проценител согласно Законот за процена.
Проценката на подароците ја вршат овластени проценители согласно Законот за процена и проценетата вредност се евидентира како сметководствена вредност на стварта.

Член 19

Кога подарокот е изразен во странска валута, неговата вредност во денари се пресметува според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на приемот, освен ако со посебен пропис е утврден поинаков начин.

Член 20

Кога подарокот се состои од повеќе предмети дадени во ист момент или како една целина, се смета за еден подарок, а за утврдување на дозволениот праг се зема вкупната вредност.
Не е дозволено еден подарок да се дели на повеќе предмети за да се избегне ограничувањето утврдено со закон.

Член 21

Ако дарителот не ја наведе вредноста, примателот е должен тоа да го наведе во пријавата.
Овластеното лице определува начин на утврдување на вредноста согласно член 15 од овој Правилник.

д) Подарок со вредност над дозволениот праг

Член 22

Кога со проценатa ќе се утврди дека подарокот ја надминува дозволената вредност:
1. примателот не може лично да го задржи подарокот, освен кога тоа е изречно дозволено со закон;
2. подарокот се предава и станува сопственост на ЈП Водовод и канализација - Скопје;
3. се внесува во листата за евиденција на подароци, погодности и гостопримства;
4. се определува начин на чување и понатамошно располагање;
5. доколку постојат индикации за коруптивно влијание, се известува лицето за интегритет и/или други надлежни лица.

ѓ) Постапување со подарок

Член 23

Врз основа на пополнетата пријава, овластеното лице ја утврдува категоријата на подарокот и постапува на следниов начин:

1. подарок од помала вредност – останува кај примателот, се евидентира без понатамошни дејствија;
2. подарок чија вредност ја надминува вредноста утврдена во член 5 точка 3 – станува сопственост на ЈП Водовод и канализација - Скопје и се постапува согласно членовите 24 и 25 од овој Правилник;
3. протоколарен подарок – се постапува согласно членовите 24 и 25, освен ако не е очигледно наменет лично на примателот, во кој случај се применува точка 1 на овој член.

е) Чување на подароци

Член 24

Подароците кои станале сопственост на ЈП Водовод и канализација - Скопје, до завршување на постапката за располагање, се чуваат во посебна, заклучена просторија, односно ормар, недостапни за вработените, освен за директорот на ЈП Водовод и канализација - Скопје и овластеното лице.
Овластеното лице се грижи за одржувањето и редовната проверка на состојбата на чуваните подароци и води евиденција за секое движење (внесување, изнесување, предавање).

ж) Располагање со подароци

Член 25

Подарок кој може да послужи за реализација на надлежностите на ЈП Водовод и канализација - Скопје (репрезентативни предмети, уметнички дела за јавни простории и сл.) може да се стави во функција на институцијата.
Подарок кој не може да се употреби за целите наведени во став (1) на овој член се отуѓува согласно закон, по пат на електронско јавно наддавање или донација, врз основа на одлука на управниот одбор на ЈП Водовод и канализација - Скопје по предлог на директорот на претпријатието.
Средствата остварени од продажба на подароци согласно став (2) на овој член се приход на Буџетот на ЈП Водовод и канализација - Скопје.

з) Враќање на подарокот

Член 26

Подарокот може да се врати на дарителот кога:

1. неговата вредност, околностите или карактерот укажуваат на обид за влијание врз одлучувањето, за што овластеното лице составува службена белешка и ја доставува до директорот на претпријатието, а по потреба и до Државната комисија за спречување на корупцијата;
2. природата на подарокот е таква што неговото задржување или користење би било несоодветно за ЈП Водовод и канализација - Скопје;
3. подарокот е примен спротивно на забраните од член 9, при што враќањето се врши со писмено известување и образложение до дарителот.

s) Постапување со погодности

Член 27

Секоја погодност (член 5 точка 4) понудена или примена од лицата од член 2 на овој Правилник, а поврзана со нивната функција, звање или работно место, подлежи на пријавување согласно постапката од член 14.
Не се дозволува прифаќање на погодност која носи лична придобивка и погодност која создава чувство на обврска или зависност спрема дарителот, ниту погодност понудена од субјект наведено во член 9 точка 3 на овој Правилник.

и) Постапување со гостопримство

Член 28

Учество на службени ручеци, вечери, коктели и слични настани организирани во рамки на службена посета, средба или манифестација, чии трошоци ги покрива организаторот/домаќинот, не подлежи на пријавување, доколку:

1. е вообичаено за протоколарната или деловната пракса;
2. не го надминува вообичаениот, скромен до умерен стандард;
3. не се повторува често со ист дарител на начин кој создава впечаток на зависност или обврска.

Гостопримство кое го надминува вообичаениот стандард (луксузни настани, забавни програми без службена содржина, приватни покани надвор од службената програма) се пријавува согласно член 14 и подлежи на оцена од овластеното лице.

Член 29

Начинот на постапувањето на лицата од член 2 на овој Правилник со давање и прифаќање на гостопримство се заснова на принципите на разумност, пропорционалност, интегритет и транспарентност.
При постапувањето, лицето од член 2 на овој Правилник, должно е да избегнува:

- однесување кое го доведува во прашање неговиот углед или угледот на ЈП Водовод и канализација - Скопје;
- ситуации кои создаваат основ за судир на интереси или можност за уцена заради влијание врз службеното постапување;
- тајно, дискретно или нетранспарентно давање, односно прифаќање гостопримство.

ј) Патувања и погодности покриени од трети лица

Член 30

Прифаќање покриени патни трошоци, трошоци за сместување или котизација од трето лице (странска држава, меѓународна организација, здружение, приватен субјект) за учество на конференција, обука, студиска посета или сличен настан е дозволено само врз основа на претходна писмена согласност на директорот на претпријатието или од него овластено лице.
Барањето за согласност се поднесува најдоцна пет (5) работни дена пред патувањето и содржи: назив на организаторот, цел и програма на настанот, врска со работните обврски на барателот, како и вид и обем на трошоците што ги покрива третото лице.
Секое одобрено патување согласно овој член, без оглед на видот на согласноста, се внесува во евиденцијата на подароци, погодности и гостопримства.

к) Пријавување на понуда за поткуп, изнуда и континуирано нудење или притисок за прифаќање подарок, погодност или гостопримство

Член 31

Лице опфатено со член 2 од овој Правилник, на кое директно или преку посредник му е понуден поткуп, му е извршен притисок, изнуда или му е упатено барање за преземање дејствие или воздржување од дејствие во врска со неговото службено постапување, должно е без одлагање да го пријави случајот на надлежниот орган, согласно со закон.
Лицето од став 1 на овој член, должно е да го идентификува понудувачот, доколку тоа е можно без да се изложи на ризик и да ги запише или обезбеди достапните податоци за времето, местото, начинот и околностите на понудата, како и за природата на понудената корист.
За понуда на поткуп, во смисла на овој член, се смета и понуда или ветување на подарок, погодност, гостопримство, пари или друга корист, кога од околностите произлегува дека со неа се настојува да се влијае врз службеното постапување на лицето.

Член 32

Кога физичко или правно лице континуирано нуди, бара или врши притисок за прифаќање подарок, погодност или гостопримство и покрај претходното одбивање или укажување дека таквото постапување не е дозволено, лицето на кое му се врши притисок е должно да го пријави случајот кај лицето за интегритет и овластеното лице, а кога постојат елементи на сомнение за корупција или друго противправно постапување и до надлежниот орган согласно со закон.
Пријавата за понуда на поткуп, изнуда или недозволено влијание од став 1 на овој член, содржи податоци за:

- лицето кое го нуди подарокот, погодноста или гостопримството;
- начинот и бројот на понудите;
- датумот, времето и местото на настаните;
- описот и проценетата вредност на понудената корист;
- околностите под кои е дадена понудата;
- евентуалната поврзаност на понудувачот со постапка, договор, јавна набавка, дозвола, одобрение или друго прашање во надлежност на ЈП Водовод и канализација - Скопје;
- преземените мерки од страна на лицето на кое му е понудена користа;
- име и презиме на лицето кое пријавува;
- датум и место на поднесување на пријавата.

Кога понудата или притисокот е поврзан со конкретна постапка во која учествува лицето на кое му е понудена користа, тоа е должно веднаш да го извести непосредно претпоставениот и лицето за интегритет и да побара насока за понатамошното постапување, без да презема дејствија со кои би можело да се наруши постапката или да се влијае врз доказите.

Член 33

Лицето кое со чесна намера и врз основа на разумно уверување пријавило понуда на поткуп, изнуда или недозволено влијание, не смее поради самото пријавување да биде изложено на неповолно постапување, притисок или одмазда.
Податоците за пријавувањето се чуваат и обработуваат согласно прописите за заштита на личните податоци и другите применливи прописи.

IV. ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

Член 34

Директорот на претпријатието овластува лице за постапување со подароци, погодности и гостопримства и негов заменик, во случај на отсуство на овластеното лице.
При овластувањето се води сметка лицето да поседува соодветна стручност, искуство, висок личен и професионален интегритет, кое може да обезбеди независно, непристрасно и одговорно извршување на утврдените задачи.

Член 35

Овластеното лице:

1. ги прима пријавите за подароци, погодности и гостопримства;
2. ги евидентира примените подароци, погодности и гостопримства;
3. се грижи за преземање и чување на подароците кои станале сопственост на ЈП Водовод и канализација - Скопје;
4. води и ажурира листа за евиденција на подароци, погодности и гостопримства;
5. следи дали се почитуваат роковите за пријавување;
6. дава стручни насоки;
7. го известува директорот на претпријатието за констатирани неправилности;
8. предлага мерки за подобрување на постапувањето;
9. подготвува податоци и извештаи согласно потребите и законските обврски;
10. постапува согласно насоките на ДКСК и важечките прописи.

Член 36

Овластеното лице не смее да ја користи функцијата за стекнување лична корист и должно е да постапува непристрасно и доверливо.
Доколку кај овластеното лице постои околност која може да влијае врз неговата непристрасност во конкретен случај, должно е да го извести директорот и да побара определување друго лице за постапување.

V. ЕВИДЕНЦИЈА И ЈАВНА ОБЈАВА

а) Листа за евиденција на подароци, погодности и гостопримства

Член 37

Овластеното лице води листа за евиденција на примени подароци, погодности и гостопримства (во хартиена и/или електронска форма), во која за секоја пријава се внесуваат:

1. реден број и датум на пријавување;
2. име и презиме на примателот, функција/работно место и организациска единица;
3. име и презиме на дарителот, односно назив и седиште на институцијата/ субјектот што го дал подарокот, погодноста или гостопримството;
4. повод за примањето;
5. вид (подарок, погодност или гостопримство) и опис;
6. проценета вредност;
7. категорија (подарок од помала вредност, подарок над утврдениот праг, протоколарен подарок);
8. донесена одлука за начинот на располагање со подарокот (задржан кај примателот, во сопственост на ЈП Водовод и канализација - Скопје, оттуѓен, дониран, вратен);

9. датум на предавање на подарокот;
10. датум на затворање на предметот и потпис на овластеното лице.

Листата за евиденција се ажурира истиот ден кога овластеното лице ќе ја прими пријавата, односно ќе донесе одлука или констатира промена на статусот на подарокот. Листата за евиденција се води трајно и се чува согласно прописите за архивско работење и за заштита на личните податоци.

Член 38

Кон листата за евиденција на подароци, погодности и гостопримства се приложува и придружна документација за секој внесен предмет: пополнетата пријава, доказ за вредност (фактура и слично, доколку постои), составени службени белешки, како и одобренија односно согласности.

Пристап до листата за евиденција и придружната документација имаат директорот на претпријатието, овластеното лице, лицата надлежни за внатрешна ревизија, како и надлежните државни органи во рамки на нивните законски овластувања.

б) Годишен извештај

Член 39

Овластеното лице, најдоцна до 28 февруари во тековната година, изготвува годишен извештај за примени подароци, погодности и гостопримства за претходната календарска година.

Годишниот извештај содржи:

1. вкупен број пријавени подароци, погодности и гостопримства, по категории;
2. вкупна проценета вредност на подароците по организациски единици, без поединечни лични податоци;
3. број на подароци над утврдениот праг и начинот на нивното располагање (во употреба, отуѓени, донирани, вратени);
4. број на одобрени патувања со трошоци покриени од трети лица, со наведен организатор и цел, без детали што претставуваат заштитени лични податоци;
5. констатирани отстапувања, неправилности или преземени корективни мерки во текот на годината.

Врз основа на годишниот извештај, овластеното лице составува копија од листата од евиденцијата за примени подароци, погодности и гостопримства, која ЈП Водовод и канализација - Скопје е должен да ја достави до Државната комисија за спречување на корупцијата најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

в) Јавна објава

Член 40

Годишниот извештај од член 39, во делот кој не содржи лични податоци заштитени со закон, се објавува на веб-страницата на ЈП Водовод и канализација - Скопје најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година, истовремено со доставувањето на листата до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Податоците за примени подароци, погодности и гостопримства се објавуваат збирно, по организациски единици, без наведување лични податоци на примателите, за сите лица од член 2 на овој Правилник.

VI. НАДЗОР, МОНИТОРИНГ И ОДГОВОРНОСТ

а) Надзор

Член 41

Надзор над примената на одредбите од овој Правилник врши овластеното лице, кое доставува извештај до директорот на претпријатието.
Секое сомневање за корупција или судир на интереси поврзано со подарок, погодност или гостопримство се пријавува согласно интерниот акт за заштитено внатрешно пријавување (укажувачи) на ЈП Водовод и канализација - Скопје и/или до Државната комисија за спречување на корупцијата.
Секое лице од член 2 на овој Правилник кое има сознание за неправилност во постапувањето со подароци, погодности или гостопримства, има право и обврска директно да го извести лицето за интегритет, независно од известувањето до овластеното лице за подароци.

б) Мониторинг

Член 42

Мониторингот на целокупниот процес на постапување со подароци, погодности и гостопримства опфаќа проверка на:

1. навременоста на пријавувањето (почитување на рокот од два работни дена согласно член 14) и на ажурирањето на листата за евиденција (согласно член 37);
2. комплетноста на пријавите и придружната документација (согласно членови 14 и 37);
3. конзистентноста на донесените одлуки за статус и располагање со подароци (согласно членови 23, 24 и 25), вклучувајќи проверка дали слични случаи се третираат на ист начин;
4. усогласеноста на одобрените патувања и покриени трошоци од трети лица (член 30) со утврдената постапка и рокови;
5. бројот и природата на пријавени сомневања за неправилности доставени до лицето за интегритет и нивниот исход;
6. применетите корективни и дисциплински мерки во текот на периодот што се следи.

Член 43

Овластеното лице за подароци врши континуиран мониторинг на секоја пријава при нејзиниот прием и обработка.
Лицето за интегритет врши континуиран прием и оцена на пријави за неправилности, независно од роковите утврдени за постапување со подароци, и најмалку полугодишно врши преглед на листата за евиденција на подароци, погодности и гостопримства заради независна проверка на индикаторите на ризик од член 44.
Мониторингот се врши преку:

1. непосреден увид во листата за евиденција на подароци, погодности и гостопримства и придружната документација;
2. случајна (случајно избрана) проверка на пријави заради проверка на веродостојност на внесените податоци;
3. вкрстена проверка со записниците од дисциплински постапки и пријавите поднесени согласно интерниот акт за заштитено внатрешно пријавување;

4. анализа на трендови (број на пријави по организациски единици, зачестеност на подароци од ист дарител, зачестеност на непријавени случаи откриени по друг пат).

Член 44

Во рамки на мониторингот, лицето за интегритет и овластеното лице за подароци посебно внимание посветуваат на следниве индикатори на зголемен ризик:

1. повторно примање подароци, погодности или гостопримство од ист дарител во краток временски период;
2. подароци, погодности или гостопримство примени непосредно пред или по донесување одлука во постапка во која дарителот има интерес;
3. неусогласеност меѓу пријавената и утврдената (проценета) вредност на подарокот;
4. зачестено користење на исклучокот од член 13 (кога подарокот не може веднаш да се одбие).

Кога при мониторингот ќе се утврди присуство на еден или повеќе индикатори од став 1 на овој член, овластеното лице за подароци го известува лицето за интегритет, кое презема дејствија согласно интерниот акт за заштитено внатрешно пријавување.

Член 45

Наодите од мониторингот се вградуваат во годишниот извештај од член 39, како посебен дел „Наоди од мониторингот и преземени корективни мерки".

Врз основа на утврдените наоди, директорот на претпријатието може да наложи:

1. измена на интерните упатства во рамки на надлежноста на директорот на претпријатието;
2. поведување дисциплинска постапка за дисциплински престап;
3. изменување и дополнувања на овој Правилник, доколку наодите укажуваат на системски недостатоци кои не можат да се отстранат со интерни мерки.

Корективните мерки преземени согласно овој член се евидентираат и се прикажуваат во наредниот годишен извештај, заради следење на нивната ефективност.

в) Дисциплинска и друга одговорност

Член 46

Непочитувањето на одредбите на овој Правилник претставува основ за преземање мерки и поведување дисциплинска постапка согласно позитивните законски прописи, независно од можната прекршочна или кривична одговорност согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Кривичниот законик.

Член 47

Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок, не ја исклучува дисциплинската одговорност на вработените.

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 48

Директорот на претпријатието, на денот на донесување овој Правилник, донесува Решение за определување на овластено лице за прием, евиденција и постапување со подароци, погодности и гостопримство и негов заменик.

Член 49

Прилозите Образец 1 – Пријава за подарок, погодности и гостопримство; Образец 2 – Листа за евиденција на подароци, погодности и гостопримства, Образец 3 – Пријава за понуда на поткуп, изнуда или недозволено влијание се составен дел на овој Правилник.

Член 50

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на интернет страницата на ЈП Водовод и канализација - Скопје.

ЈП Водовод и канализација – Скопје
в.д. директор
м-р Иван Митровски



Прилог 1: Пријава на подарок, погодност и гостопримство во ЈП Водовод и канализација - Скопје

1.	Име и презиме на примателот	
2.	Функција / работно место и организациска единица	
3.	Име и презиме на дарителот, односно институцијата/субјектот што го дал подарокот, погодноста или гостопримството (назив и седиште)	
4.	Датум и место на прием на подарокот, погодноста или гостопримството	
5.	Повод/причина за давањето на подарокот, погодноста или гостопримството	
6.	Опис и вид на подарокот, погодноста или гостопримството	
7.	Сопственост на подарокот (приватна – личен подарок или сопственост на Град Скопје)	
8.	Датум на предавање на подарокот во сопственост на Град Скопје	
9.	Проценета вредност на подарокот, погодноста или гостопримството	
10.	Податок дали дарителот е странка или заинтересирано лице во постапка пред Град Скопје	
11.	Изјава дека податоците се точни и целосни	
12.	Потпис на примателот на подарокот, погодноста или гостопримството	
13.	Датум и место на поднесување на Пријавата	
14.	Печат и потпис на одговорното лице	

Прилог 2: Листа за евидиенција на примени подароци, погодности и гостопримства во ЈП Водовод и канализација - Скопје

Р. бр.	Датум на пријавување	Име и презиме на примателот	Rработно место и орг. единица	Име и презиме на дарителот, Односно назив и седиште на институцијата/субјектот што го дал подарокот, погодноста или гостопримството	Повод на примањето	Вид (подарок, погодност или гостопримство) и опис	Проценета вредност	Категорија (подарок од помала вредност, подарок над утврдениот праг, протоколарен подарок)	Донесена одлука за начинот на располагање со подарокот (задржан кај примателот, во сопственост на ЈП Водовод и канализација – Скопје, отуѓен, дониран, вратен)	Датум на предавање на подарокот	Датум на затворање на предметот и потпис на овластено лице
1.											
2.											
3.											
4.											
5.											
6.											
7.											
8.											

Датум:_____ Овластено лице (Име и презиме) _____

Место:_____ Потпис _____

Прилог 3: Пријава за понуда за поткуп, изнуда или недозволено влијание во ЈП Водовод и канализација - Скопје

Бр.	Податоци	Одговор
1.	Лице кое го нуди подарокот, погодноста или гостопримството	
2.	Начин и број на понудите	
3.	Датум, време и место на настанот	
4.	Опис и проценета вредност на понудената корист	
5.	Околности под кои е дадена понудата	
6.	Поврзаност на понудувачот со постапка, договор, јавна набавка, дозвола, одобрение или друго прашање во надлежност на Град Скопје	
7.	Преземени мерки од страна на лицето на кое му е понудена користа	
8.	Име, презиме и потпис на лицето кое ја поднесува пријавата	
9.	Датум и место на поднесување на пријавата	